# „Денес кај семејството на Мухамед дојдоа многу жени жалејќи се на своите мажи. Таквите мажи не се меѓу најдобрите меѓу вас.“

Ијас бин Абдулах бин ебу Зубаб, Аллах нека е задоволен со него, раскажува: Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Не ги удирајте Аллаховите робинки (жените).“ Потоа Омер, Аллах нека е задоволен со него, дојде кај Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, и рече: „Жените станаа дрски кон своите мажи.“ Тогаш Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, дозволи тие да бидат удрени (во воспитна смисла). Подоцна многу жени дојдоа кај семејството на Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, жалејќи се на своите мажи. Тогаш Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, рече: „Денес кај семејството на Мухамед дојдоа многу жени жалејќи се на своите мажи. Таквите мажи не се меѓу најдобрите меѓу вас.“

[صحيح] [رواه أبو داود وابن ماجه]

Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, го забранил удирањето на сопругите. Тогаш дошол владателот на верниците, Омер бин Ел-Хатаб, Аллах нека е задоволен со него, и рекол: „О, Божји пратенику, жените станаа дрски кон своите мажи и нивниот однос се влоши.“ Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, тогаш дозволил да се удираат, но со лесен удар кој не остава траг и само доколку постои сериозна причина – како одбивање на брачните должности, непослушност и слично. Потоа многу жени дошле кај сопругите на Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, жалејќи се дека нивните мажи ги удираат сурово и неправедно, злоупотребувајќи ја оваа дозвола. Тогаш Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Мажите кои своите сопруги ги удираат сурово – тие не се најдобрите/избраните меѓу вас.“



النجاة الخيرية
ALNAJAT CHARITY
لجنة الدعوة الإلكترونية
EDC E-Da'wah Committee